# Годишен план за спречување на корупција (ГПСК)

# на

# Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)

# за 2022 година

**Документот претставува изјава за посветеноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**во градењето отпорност од корупција и активностите кои ќе бидат преземени за спречување корупција во 2022 година**

# Јануари, 2022 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) на 13-та седница на Советот одржана на 18.05.2021 година го донесе Годишниот план за спречување на корупција (ГПСК) на АВМУ за 2021 година, кој содржеше 5 (пет) области, збир на мерки, активности, надлежни организациони единици/назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување и финансиски импликации за реализација на активностите со цел имплементација на мерките. Во јануари 2022 година започна изработката на ГПСК на АВМУ за 2022 година, на начин што најпрво беше направена анализа на исполнување на мерките и активностите утврдени во ГПСК на АВМУ за 2021 година од страна на надлежните организациони единици.

При тоа, беше констатирано:

**ОБЛАСТ: 1. ЈАВНИ НАБАВКИ/ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ,**

- Соодветно беа планирани јавните набавки преку доставување предлози за јавни набавки врз основа на идентификуваните потреби со цел подготовка на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година (во декември 2021 година);
- Економично, ефикасно и ефективно беа користени средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки преку реално проценување на вредноста на договорите за јавни набавки кои што во 2021 година ги спроведоа сите организациони единици во АВМУ, односно проценката се правеше врз основа на анализи на веќе реализирани договори и реалните пазарни цени, земајќи ја во предвид секоја опција и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можеле да се предвидат во моментот на проценката;
- Во месец март 2021 година беше извршена редовна годишна ревизија од страна на независна ревизорска куќа. Во доставениот ревизорски извештај немаше забелешки;

- Транспарентно беа трошени средствата предвидени за реализација на јавните набавки и истите беа контролирани , на начин што на веб страницата на АВМУ беше објавен Годишниот план за јавни набавки за 2021 година и сите негови измени во текот на тековната година, како и сите постапки за јавни набавки кои беа во тек, завршените постапки и договорите за јавни набавки. Во однос на транспарентноста на спроведените трошоци во врска со изборниот мониторинг (локални избори), Агенцијата во првата половина од месец февруари 2022 година ќе го достави Извештајот за реализираните финансиски средства поврзани со изборите до Министерството за финансии. Овој извештај не се изработи во текот на 2021 година, од причина што треба да се реализира, уште едно плаќање од посебната изборна сметка.
- Воедно, во периодот од 15.01.2021 до 31.04. 2021 година, Службата за внатрешна ревизија изврши редовна ревизија врз процесот за јавни набавки и спроведување на договорите од јавните набавки, која беше предвидена во Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за период 2021 – 2023 година и во Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година, при што во Конечниот извештај од ревизијата од 14 мај 2021 година, не беше утврден наод.
- Во периодот од 09.03.2021 до 14.05.2021 година, беше извршена ревизија од Државниот Завод за ревизија при што не беше утврден наод во однос на спроведените постапки за јавни набавки во Агенцијата.
- Контролата на процедурата за јавни набавки од страна на внатрешните ИСО проверувачи во текот на 2021 година не беше спроведена , но останува посветеноста на АВМУ за почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури за јавни набавки, така што оваа мерка ќе биде реализирана во текот на 2022 година, и се предвиде во ГПСК на АВМУ за 2022 година
- Во 2021 година немаше можност да се реализира од Подобласта 1.2. 1. – Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки; Мерката - Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации, Активност 1.1. - Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност за вработените во

организационите единици во Стручната служба на АВМУ кои ги изработуваат техничките спецификации согласно Распоредот за јавни набавки. Останува посветеноста на АВМУ во 2022 година овој тип на обуки да се реализираат.

- Со цел спречување на влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки, од нивна страна беа давани изјави за непостоење судир на интереси, а воедно и сите членови на комисиите при постапувањето во тоа својство, се однесуваа и работеа согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.
- Во текот на 2021 година до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ не се пријавени обиди за влијание врз лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на јавните набавки, како и врз членовите на Комиситe за јавни набавки.

## ОБЛАСТ: 2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ

- Со цел за промовирање на културата на спречување на корупција и на судирот на интереси, како и да се олесни откривањето на евентуални случаи на корупција и да се обезбеди нивно навремено и правилно постапување, обезбедена беше поголема транспарентност на постапката за поднесување пријави од укажувачи во АВМУ, на начин што беше обезбедена поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи со креирање на посебен дел на веб страницата на АВМУ (подмени) за пријави од укажувачи во кое се содржани сите важни податоци (задолжено лице, негови контакт податоци, релевантниот подзаконски акт).

## ОБЛАСТ: 3. ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ

- Од Областа – Планирање и управување со финансии, Мерката бр.1 - Соодветно планирање и реализација на буџетот на АВМУ, беше реализирана согласно законските надлежности и реалните потреби на АВМУ, при што потрошените финансиски средства беа во рамките на планираните износи. Во однос на непланираните финансиски издатоци, беше направен ребаланс, како и зголемување

на Финансискиот план за 2021 година Имено, во текот на 2021 година беа усвоени три ребаланси на Финансискиот план и тоа: на 15-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 28 мај 2021 година; на 21-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 22 јули 2021 година; и на 33-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 17 ноември 2021 година. Со ребалансите се изврши прераспределба на планираните средства за исплата на одредени расходи кои не беа предвидени. Причина за наведените ребаланси беа да се обезбедат средства за исплата на Анализата на родовите прашања за 2021 година, за исплата на месечниот надоместок на членовите на Советот на Агенцијата за период од 6 (шест) месеци, дополнителни средства за одржување на Сплинклер инсталцијата, за сервисирање на системот за ладење, грееење и вентилација и дополнитени средства за исплата на потрошувачката за електрична и топлинска енергија. Сите измени согласно начелото за транспарентност беа објавени на веб страната на Агенцијата веднаш по нивното усвојување. Исто така, во текот на 2021 година беа донесени и две зголемување на финансискиот план и тоа: на 26-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 13 септември 2021 година и на 35-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 29 ноември 2021 година. Причината за двете зголемувања беше да се обезбедат средства за исплата на донации и тоа за настраданите лица во пожарот на модуларната болница во Тетово кој се случи на ден 08.09. 2021 година, како и за настраданите лица во автобуската несреќа која се случи на ден 23.11.2021 година во Република Бугарија. Во октомври-декември 2021 година сите организациони единици учествуваа во подготовка на Финансискиот план на АВМУ за 2022 година. Оваа активност беше реализирана согласно реалните потреби на институцијата за кои е задолжен секој од секторите. Годишниот извештај за работа на АВМУ за 2022 година и Финансискиот план за 2022 година се објавени на веб страницата на АВМУ.

- Одржувањето на Локалните избори 2021 година се рефлектираше и врз мерките и активностите кои беа пропишани во ГПСК за 2021 година Со цел обезбедување доволно средства за спроведување на сите планирани активности поврзани со изборниот мониторинг, претходно беше извршена проценка на реалните финансиски средства за ангажирање надворешни соработници, ИТ, поштенски услуги и други

трошоци за активностите поврзани со изборен мониторинг, а за транспарентно да бидат спроведени трошоците поврзани со изборниот мониторинг, по завршувањето на изборниот процес на веб страницата на АВМУ, веднаш по изготвувањето и неговото доставување до Министерството за финансии, беше објавен Извештајот за реализирани финансиски средства поврзани со изборите.

**ОБЛАСТ: 4. КАДРОВСКА ПОЛИТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

- Во 2021 година имаше еден оглас за вработување на неопределено време, којшто покрај во дневни весници беше објавен и на веб страницата на АВМУ заради поголема транспарентност на процесот за вработување и зголемување на достапноста на огласите за вработување. Беше формирана Комисија за спроведување на огласот за вработување, извршено интервју и подготвен извештај до Директорот со соодветен предлог.
- Со цел доследно почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење, важечките интерни акти, како и нивните измени, кодекси и други прописи, по нивното усвојување беа објавувани на веб страницата на АВМУ и дистрибуирани до сите раководители на организациони единици, со цел да ги споделат со вработените во нивните сектори. За да можат да се едуцираат и да се зголеми интегритетот и професионалноста во работењето, особено внимание беше посветено на запознавање со истите на нововработеното лице, како и на лица ангажирани преку избраната агенција за привремени вработувања со која соработуваше АВМУ. Во однос на колегиумите на тема појава и спречување корупција, истите не беа одржани, но останува посветеноста на АВМУ во 2022 година истите да се реализираат.

## ОБЛАСТ: 5. СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР

- Одржувањето високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки, беше реализирано од организациони единици за спроведување на активностите согласно нивната надлежност, при што доследно беа спроведувани ИСО процедурите за вршење надзор. Воедно, одговорно и доследно беше постапувано при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови. Сите активности понапред наведени беа спроведени со предвидената динамика и согласно рокот за реализација.

**ГПСК на АВМУ за 2022 година**

Со цел подготовка на ГПСК на АВМУ за 2022 година, во однос на областите, мерките, активностите, рокот за реализација, индикаторите за исполнување и финансиските импликации, сите организациони единици во АВМУ се изјаснија дека тие не треба да се менуваат, со исклучок на Секторот за програмски работи, кој извести дека во ОБЛАСТ 3: ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ, во ГПСК на АВМУ за 2022 година не треба да се предвидат мерката 2. Соодветно планирање и реализација на финансиски средства поврзани со активностите на изборен мониторинг и мерката 3. Транспарентност на спроведените трошоци поврзани со изборен мониторинг, бидејќи во 2022 година нема избори, како и дека во ОБЛАСТ: 5. СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР, потребно е да се изработи интерна процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки, со оглед дека истата беше предложена, но не влезе во финалниот ГПСК на АВМУ за 2021 година бидејќи немаше доволно време да се спроведе до крајот на 2021 година, имајќи ги предвид веќе испланираните активности.

| ОБЛАСТ: 1.ЈАВНИ НАБАВКИ/ ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобласт: 1.1. Несоодветно планирање на буџетот/Планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Соодветно планирање на јавните набавки | 1.1.Доставување предлози за потреби од јавни набавки од страна на организационите единици во АВМУ со цел подготовка на Годишен план за јавни набавки | Сите организациони единици во Стручната служба на АВМУ | Континуирано | Фреквенција на менување на Планот за јавни набавки во текот на годината | Има |
| 2. Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки | 2.1.Реално проценување на вредноста на секој договор за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, имајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можат да се предвидат во моментот на проценката | Сите организациони единици во Стручната служба на АВМУ | При изготвување на годишниот план за јавни набавки и пред започнување одделна постапка | Спроведени постапки за доделување на договори за јавна набавка во рамките на проценетите средства | Има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Транспарентно трошење на средствата предвидени за реализација на јавни набавки и контрола во јавните набавки | 3.1.Објавување на постапките за јавни набавки кои се во тек, на завршените постапки за јавни набавки и на договорите за јавни набавки на веб страната на АВМУ | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата<br><br>Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Достапност на информации на веб страницата на АВМУ | Нема |
| | 3.2. Спроведување редовни и вонредни внатрешни контроли | Служба за внатрешна ревизија | Врз основа на проценката на ризик што ја врши внатрешниот ревизор и врз основа на стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија | Наод во Извештајот од спроведената ревизија | Нема |
| 4. Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури за јавни набавки | 4.1.Контрола од страна на внатрешните ИСО проверувачи | ИСО внатрешни проверувачи назначени со Решение бр.03-2688/1 од 01.06.2018 година | Во текот на 2022 година | Наод во Извештајот на ИСО | Нема |
| | 4.2.Годишна ревизија | Независна ревизорска куќа ангажирана од АВМУ | Во текот на 2022 година | Наод во Извештајот од ревизорската куќа | Има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.3.Периодична внатрешна ревизија | Внатрешен ревизор | Во текот на 2022 година | Наод во Извештајот од спроведена внатрешна ревизија | Нема |
| Подобласт: 1.2. Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации | 1.1.Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност за вработените во организационите единици во Стручната служба на АВМУ кои ги изработуваат техничките спецификации согласно Распоредот за јавни набавки | Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Број на спроведени обуки (годишно) | Има |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за јавни набавки | 2.1.Поголема транспарентност при изработката на техничките спецификации преку претходна проверка на пазарот, и спроведување Технички дијалог таму каде што е погодно. | Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Успешно спроведени постапки за доделување договори за јавни набавки | Нема |
| | 2.2. Пријавување обид за влијание врз лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на набавките (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ) | Сите лица кои подготвуваат технички спецификации согласно Распоредот за постапките за јавни набавки на Агенцијата | Континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ | Нема |
| 3. Спречување на влијание врз членовите на Комисиите за јавни набавки | 3.1 Пријавување обид за влијание врз членови на Комисиите за јавни набавки (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ) | Сите назначени членови на Комисии за јавни набавки во АВМУ | Континуирано | Број на доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2 Давање Изјави за непостоење судир на интереси | Сите назначени членови на Комисии за јавни набавки во АВМУ и Директорот на Агенцијата | Континуирано | Број на случаи:<br>- кога членовите на Комисиите за јавни набавки дале неточни изјави за постоење судир на интерес и<br>- кога Директорот дал неточна изјава за постоење судир на интерес | Нема |
| | 3.3 Постапување на членовите на Комисијата согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки | Сите назначени членови на Комисии за јавни набавки во АВМУ | Континуирано | Доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во АВМУ | Нема |

ОБЛАСТ: **2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Соодветна примена на Законот за заштита на укажувачи и подзаконските акти и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и | 1.1. Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи<br>1.2.Известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Доставени одговори и преземени мерки по поднесени пријави | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| другите податоци на укажувачите на АВМУ | | | | | |
| 2.Подигање на свеста на лицата вработени во АВМУ за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и другите податоци на АВМУ | Запознавање на вработените во АВМУ со Законот за заштита на укажувачите и Упатството за прием на пријави од укажувачи на АВМУ | Лице задолжено за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Број на поднесени пријави од укажувачи кои се вработени во АВМУ | Нема |
| 2. Поголема транспарентност на постапката за поднесување пријави од укажувачи во АВМУ | Обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи на веб страната на АВМУ | Сектор за поддршка на работата на директорот и Советот на Агенцијата | Втора половина на 2022 година | Креирање посебен дел на веб страната (банер, подмени) за пријави од укажувачи | Нема |

ОБЛАСТ: **3. ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Соодветно планирање и реализација на буџетот на АВМУ | 1.1.Планирање на годишниот буџет согласно реалните потреби | Сите релевантни организациони единици во Стручната служба на АВМУ | Континуирано | Доставени прилози од секторите и службата за внатрешна ревизија до Секторот за финансиски работи и логистика со цел подготовка на Финансиски план | Има |
| | 1.2.Транспарентност на трошењето на средствата предвидени во Финансискиот план | Сектор за поддршка на работата на Директорот и Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавен Финансиски план на веб страницата на АВМУ<br><br>Објавен Годишен извештај за работа на АВМУ на веб страницата на АВМУ | Нема |

ОБЛАСТ: 4. **КАДРОВСКА ПОЛИТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Вработувања базирани на систем на вредности и критериуми за квалитет | 1.1.Вработувања согласно позитивните законски прописи и интерните акти | Комисија за спроведување на оглас за вработување | Континуирано | Извршени интервјуа/тестирања/извештаи на Комисијата за спроведување на огласот за вработување | Нема |
| 2.Транспарентност на процесот на вработување | 2.1.Зголемување на достапноста и јавноста на огласите за вработување | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавени огласи за вработување во дневни весници и на веб страницата на АВМУ | Има |
| 3.Доследно почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | 3.1.Едукација на вработените за зголемување на интегритетот и професионалноста во работењето, со посебен акцент на нововработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | Континуирано | Дистрибуција на важечките интерни акти, кодекси прописи до сите вработени и по потреба специјализирани обуки | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одржани најмалку два колегиуми на тема појава и спречување корупција во текот на годината | |
| ОБЛАСТ: 5. **СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР** | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки | 1.1. Доследно спроведување на ИСО процедурите за вршење надзор | Сите организациони единици кои вршат надзор | Континуирано | Почитување на процедурите за надзор и нивоата на проверка на извештаите | Нема |
| | 1.2. Одговорно и доследно постапување при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови | Сите организациони единици во Стручната служба и органите на АВМУ | Континуирано | Континуирана достапност на снимки, наоди од извештаи од внатрешни ИСО проверувачи, наоди од внатрешна ревизија, извештаи на релевантни домашни и меѓународни организации | Нема |
| 2. Пријавување на сите обиди за влијание или притисок при | 2.1. Изработка интерна процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки | Сите организациони единици кои вршат надзор | Во текот на 2022 година | Изработена интерна процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и | Нема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| надзорот и изрекувањето мерки | | | | изрекувањето мерки | |

Бр. 01-596/1
10-02-2022 година
С к о п ј е

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Доставено до:
- Сите организациони единици во Агенцијата;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архивата.